**Г р а д   С к о п ј е**

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за заштита на животната средина

**Претставник:** Претставник од Секторот за заштита на животната средина

# Предлог - Програма за изменување и дополнување на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2025 година

**Скопје, ноември 2025 година**

Предлог:

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 10, став 1, точка 2 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), Советот на Град Скопје, на својата ______ седница, одржана на ______ 2025 година, донесе

**Програма**
**за изменување и дополнување на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2025 година**

**Член 1**

Во Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2025 година (“Службен гласник на Град Скопје број 16/24 и 07/25“) во глава III. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ се врши следната измена:

1. Во точка III.1 Следење на состојбите и подобрување на квалитетот на медиумите на животната средина, во потточка III.1.1 Квалитет на воздух и субвенционирање на граѓани за унапредување на квалитетот на амбиентниот воздух и подобрување на енергетската ефикасност, во делот активности се додава нова алинеа која гласи: Подготовка на План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух.

2. Во делот Финансиски средства, износот од 16.300.000,00 денари се заменува со износ од 20.800.000,00денари.

**Член 2**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Град Скопје“.

Бр. __________

С К О П Ј Е

**СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ**

Претседател
Даме Димитровски

Образложение

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје и член 10, став 1, точка 2 од Законот за Градот Скопје („Службен весник на Република Македонија“ бр.55/04 и 158/11), каде е утврдена заштита на животната средина и природата како надлежност на Град Скопје, односно работа од јавен интерес од локално значење на градот Скопје.

Со предложената измена и дополна во Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2025 година (“Службен гласник на Град Скопје број 16/24 и 07/25“), се додава нова активност која се однесува на Подготовка на План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух.

Согласно наведените прописи, единиците на локална самоуправа се должни да изготвуваат и спроведуваат планови за заштита и унапредување на квалитетот на воздухот, како и да обезбедат следење и намалување на загадувањето.Со донесување на изменување и дополнување на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина, Град Скопје се насочува кон предвидување на идни мерки за намалување на емисиите во воздухот од сообраќај, греење и индустрија, како и зајакнување на системот за мониторинг и јавна информираност. Потребата од измена произлегува од континуирано надминување на граничните вредности на загадувачките материи во воздухот во Скопје и неопходноста од примена на поефикасни, интегрирани и усогласени активности за подобрување на квалитетот на животната средина и заштита на здравјето на граѓаните.

Планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух претставува законска обврска на Град Скопје согласно Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија број 67/2004, 92/2007, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15, 146/15 и Службен весник на Република Северна Македонија број 151/21, 3/25).Согласно член 26 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух во зоните и агломерациите, каде што нивоата на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух ги надминуваат граничните или целните вредности, како и која и да било релевантна маргина на толеранција, се изготвува План за квалитет на воздухот за тие зони и агломерации, со цел да се постигне соодветна гранична или целна вредност определени во прописите од членовите 10 и 12 од овој закон кои се однесуваат на критериуми за квалитет на амбиентниот воздух и отстапувања од гранични и целни вредности.

Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година, објавува Листа на зони и агломерации, кај кои биле констатирани надминувања на граничните или целните вредности во претходната година, во која се наведуваат и општините, односно Градот Скопје во чии подрачја биле утврдени надминувања согласно со оценката на квалитетот на амбиентниот воздух од членот 18 од овој закон. Општините односно, Градот Скопје кои се определени со оваа Листа имаат обврска за подготовка на План за квалитет на воздухот.Во Планот за квалитет на воздух се определуваат соодветните мерки со цел периодот во кој биле надминати граничните вредности да биде што е можно пократок. Планот содржи и конкретни мерки за заштита на чувствителните групи на населението, вклучувајќи ги и децата.

Средствата за реализација на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2025 година ќе бидат обезбедени од изменување и дополнување Буџетот на Град Скопје за 2025 година.

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Програма за изменување и дополнување на Програмата на активности

од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на град Скопје за 2025 година.